# ДРАМСКИ ВИДОВИ

(помош и дополнување на знаењата во наставата по македонски јазик и литература)

**Професор ЕМОНА ЈОВАНОСКА**

**Учебна 2012/13 г. СОУ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“ - ПРИЛЕП**

# Д Р А М С К И   В И Д О В И

Драмската напнатост како израз на најдлабоките спротивности  меѓу поединецот и општеството, меѓу различни етички ставови, може да заврши на два начина: со катастрофа - смрт на јунакот, т.е. со најголема можна несреќа, или со расплет кој би содржел општо помирување. Според ова во основа на драмата разликуваме  два основни вида: трагедија и комедија. Во таа смисла трагедијата има сериозно дејство, а комедијата смешно, комично дејство. Сите други драмски белези - фабула, карактери, подредени се или на трагиката или на комиката.Трагедијата и комедијата воедно се најраните драмски видови во историјата на европската литература.

**ТРАГЕДИЈА.** Прикажува несреќна судбина.Таа човекова судбина е резултат на некои околности,  на човековата природа, на стремежот кон возвишени идеали. Обично ликот ги жртвува своите идеали, својот живот и среќа па така добива црти на страдање и благородност. Страдањето на трагичниот јунак го предизвикува нашето сочувство, зашто причините за неговото страдање секогаш се длабоко човечни, својствени на човековата природа и тежнеење кон идеали.Па така како белези на трагедијата може да се наведат:

- трагичен јунак,
- трагична вина
- трагичен крај и
- возвишен стил.

**ТРАГИЧНИОТ ЈУНАК** во најширока смисла на зборот е жртва на сопствената несреќна судбина. Треба да се има во вид дека таа несреќа не е некоја случајна несреќа (пр. сообраќајна несреќа), туку тоа е неминовна несреќа која човекот не може да ја избегне, на пример спротивставувањето на судбината и пророќтвото кај Софокле, хуманизирањето на односите во општеството и сл. Стремејќи се кон својата цел, трагичниот јунак свесно или несвесно крши некои закони и заради тоа мора да биде казнет со сопствената пропаст. Тоа е таа

**ТРАГИЧНА ВИНА** на јунакот која и не е намерна грешка туку повеќе е резултат на судбинска заблуда, на неминовна спротивставеност на идеалот  со реалноста, или на моралната надмоќ на јунакот над останатите карактери.

**ТРАГИЧНИОТ КРАЈ** е конечната цена што ја плаќа јунакот за доследноста на себеси, а неговата жртва е најголемата жртва што може да ја даде човекот - сопствениот живот.

**ВОЗВИШЕН СТИЛ** се нарекува изборот на такви јазични средства и изрази во кои преовладуваат елементи на свечен, достоинствен говор.

Аристотел, првиот теоретичар на уметноста, вели дека **трагедијата треба да предизвика страв и сожалување,** а со тоа и прочистување на чувствата ( кај гледачите). Тоа прочистување тој го нарекува **катарза** ( грч. катарсис- чистам). Врз основа на ова мислење, подоцна се јавуваат многу теории за катарактичкото дејство на трагедијата и драмата, или литературата воопшто, како прочистувачи и облагородувачи на човековите чувства.

-3-

**СТАРОГРЧКА ТРАГЕДИЈА**. Својот процут го доживува во V в.п.н.е. и пишувана е во стих. Спрема Аристотеловото мислење (кое и денес е актуелно, важечко) се развила од дитирамбот - хорската песна во дијалошка форма посветена на богот Дионис, на тој начин што водачот на хорот се одвоил од хорот , почнал да говори самостојни стихови и да води разговор со хорот.

За основач на трагедијата се смета Теспис, а најголеми автори на трагедии биле: Есхил (525-456. п.н.е.),кој го додал вториот артист, Софокле ( 496-406. п.н.е.), кој го вовел третиот артист и Еврипид (485-406. п.н.е.). Називот трагедија потекнува од грч. зборови **трагос**-јарец и **оде**-песна.Вака е наречена веројатно заради тоа што хористите биле облечени во кожи од јарец, претставувајќи ги така митските придружници на богот Дионис.Старогрчката трагедија имала обреден карактер. Темата е земена од митовите, а хорот имал посебно важна улога. Таа многу се разликува од современата драма, пред се таа е напишана во стих, а и според деловите во текстот - таа нема чинови туку: **пролог, еписодии, ексода, парод, стасимон**. Хорот и ликовите разговараат на сцената, па хорот всушност бил и лик. Во дијалогот тој најчесто му се спротивставувал на ликот, го опоменувал или советувал во зависност од предметот на трагедијата.

**КОМЕДИЈА.** Како и трагедијата,и таа се развила од обредот. Името потекнува од грч.комос-весело однесување и оде-песна.Во Стара Грција се изведувала по повод некоја свеченост, а најголем процут доживува во времето на Аристофан (445-385.п.н.е.) во Атина. Комедиите на Аристофан по надворешните белези наликуваат на трагедиите - и во нив има хор кој за

разлика од трагичниот претставува некое фантастично множество (жаби, птици, облаци).

Во историскиот развиток на литературата, како и кај поедини автори, комедијата добива различни особини, па затоа е тешко да се зборува за некои заеднички особини на комедијата. Можеби единствена важна карактеристика на сите комедии е книжевното обликување на сите варијанти и нијанси на **с м е ш н о т о .** Тоа во животот се појавува во различни варијанти; к о м и ч н о т о е само еден тип на остварување на смешното . Но, се што предизвикува смеење не е секогаш достојно за прикажување во драмската литература. Комедијата пренесува такви пораки во кои напнатоста предизвикана од смешното се разрешува со еден ироничен став спрема некои човечки особини, или спрема животот и светот во целост.

Тематски комедијата е поблиска до секојдневното, баналното, вообичаеното, отколку трагедијата. Во неа често се употребуваат изрази од обичната комуникација и во некоја мерка, таа секогаш е ,,реалистична“.Ликовите во комедијата се оптоварени со некоја општа слабост, недоследност или немоќ реално да ги согледаат своите проблеми (тоа предизвикува смеа).

Кога комедијата критикува некои појави или карактери, ги исмева и остро ги осудува станува збор за **САТИРА**; а кога спрема човечките слабости и мани се однесува со разбирање без желба да ги осуди зборуваме за ХУМОР.

Постојат подвидови на комедијата. Имено има:
комедија на карактери - каде комичното приозлегува од некои типови карактери кои се смешни заради некоја мана или пренагласеност на некоја особина;

- **комедија на интрига** - комичниот ефект е остварен врз заплет кој е произлезен од некое недоразбирање, неразбирање, невнимание и сл.;
- **комедија на ситуации** - се темели на необични, неочекувани, непредвидливи, па дури и невозможни положби во кои доаЃаат ликовите;
- **комедија на конверзации** - се заснова на духовити разговори, вербални досетки и сл. елементи. Обично овие видови комедии одат во комбинации.

**ДРАМА ВО ПОТЕСНА СМИСЛА (СОВРЕМЕНА ДРАМА)**

Драмата не мора секогаш да биде комедија или трагедија. Разрешувањето на конфликтот не мора секогаш да биде со катастрофа, т.е. смрт или комичен, туку може да се одржи одредена сериозност на дејството. Тогаш зборуваме за драма во основната смисла на зборот (судир на ставови, мислења-конфликт). Во оваа смисла драмата ја третираме како посебен книжевен вид со свои подвидови, а тие се:

- **МЕЛОДРАМА**- со сентиментална тематика, а говорот на актерите е придружуван од музика (во целост или делумно).
- **ФАРСА** (вид комедија)- ја карактеризира груб и вулгарен хумор, карикирани ликови, заплет заснован на недоразбирање. Ја краси ведрината и искреноста на народниот дух.
- **ВОДВИЉ-** краток драмски текст пропратен со популарни мелодии.Со текот на времето (18 в.) преминува во весела театарска пиеса- **оперета**.
- **НАДРЕАЛИСТИЧКА ДРАМА (19-20 в.)** ги изнесува психолошките конфликти и моралните дилеми на граѓанското општество (во делата на Хенрих Ибзен).
-

**АНТИДРАМА (**антитеатар;драма на апсурдот) Овде доаѓа до израз тенденцијата да се разбие традиционалната драмска структура, обид да се разбијат сите конвенции на драмската литература (посебно на европската драма); да се прикаже изгубеноста, осаменоста, тешкотијата и стравот на модерниот човек- пр. дејството има нелогичен развој, неповрзаност на зборовите со постапките на ликовите, отсуство на акција и сл. Творци на антитеатарот се Ежен Јонеско и Семјуел Бекет.

Поствоеното расположение (по II Светска војна) на скептицизам и дисилузија било претставено на бизарен начин од група писатели што живееле во Париз. Иако тие не сметале дека учествуваат во формално движење, делеле верување дека човечкиот живот во основа е без смисла или цел, и дека валидната комуникација не била повеќе возможна. Тие чувствувале како човечката кондиција тоне во апсурд (терминот бил воведен од францускиот новелист и филозоф Албер Ками). Некои од првите претстави на театарот на апсурдот се: “Ќелавата пејачка”, “Ќелавиот сопран” од Ежен Јонеско, “Инвазија” од Артур Адам, “Чекајќи го Годо” од Семјуел Бекет.Духот на апсурдот може да се забележи уште во претставата на Алфред Џари – УБИ РОИ од 1896 год.

Логичката конструкција и рационализмот биле напуштени во училиштето на апсурдот со цел да се создаде свест за несигурноста. Подоцна кон писателите на апсурдот се приклучиле и Харолд Пинтер од Англија и Едвард Алби од САД, иако во 1960 год. движењето за малку што не згаснало.

- **ТЕЛЕВИЗИСКА ДРАМА-**

Претставува драма пренесувана на телевизија, а најчесто се работи за: мини серии, долги серии (сапунски опери) или драми само со една епизода. Почетоците на овој вид драма се пред Втората светска војна, кога BBC во Англија започнала една традиција на емитување на висококвалитетни драми што егзистира и денес.

Првите телевизиски драми всушност биле снимки од театарски претстави од лондонскиот театар, а во 1938 година била снимена и првата телевизиска серија: приказна која продолжува низ епизоди.

После Втората светска војна во BBC се развива идејата за продукција на драми специјално напишани за телевизија. Иако раните телевизиски драми повторно личеле на снимени театарски претстави, со развојот на телевизиската техника тие се повеќе добиле свој облик, онакви какви што и денес ги познаваме.

Телевизиските драми жанровски главно се делат во четири големи групи:
-историски драми ( "Север и југ")
-полициски/криминалистички/акциони драми ("Професионалци", "Полициски аналитичар")
-научно-фантастични драми ("Досиеја X", "Ѕвездени патеки")
-сапунски опери ("Плажата на залезот", "Династија")

Во САД исто така почетокот на телевизиската драми е поврзан со прикажување снимени театарски претстави од Бродвеј, дел од Њујорк каде се сместени најмногу театри. Набрзо филмските студија оцениле дека може да прават огромен профит со телевизиските драми, и тие брзо станале висококомерцијални. Во почетокот најпопуларни жанрови биле вестернот и акционите серии, за да приматот набрзо го преземат т.н. сапунски опери, кои се популарни и во денешно време.

Овие серии добиле име сапунски опери, бидејќи во почетокот биле спонзорирани од големите компании за производство на сапуни и детергенти. Тие обично биле кратки само 15 минути, и претежно биле наменети за домаќинките кои многу често се поистоветувале со ликовите од

драмите. Овие сапунски опери биле и сеуште се критикувани од академските граѓани, критичарите и професорите, пред се заради нивниот низок квалитет за продукција и темите кои ги обработуваат. Но зачудувачки е што обичните луѓе ги обожуваат овие серии, бидејќи темите како: развод, неверство, измами, опасности се од универзален интерес.

Базичната форма на сапунските серии секогаш е иста. Секоја епизода се прави од кратки сцени, со различна содржина. Приказната тече до бескрај, а нема ни почеток, ни среднина, ни крај. Се е средина. За да можат нови гледачи да се вклучат во серијата, многу често главните ликови доживуваат несреќи и го губат помнењето, а другите во обидот да им помогнат ги раскажуваат настаните кои поминале.

Мора да ја нагласиме социјалната функција на овие телевизиски драми: гледањето телевизија е искуство кое го делат многу луѓе - како дел од националната дебата за морал и тренд.

декември,2012 г.